Република Северна Македонија
Јавна здравствена установа
Општа болница со проширена дејност

Бр. 04-840/11
08.07.2026 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 45 од Законот за административни работници (сл.весник на РМ бр27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и сл.весник на РСМ бр.275/19,14/20,215/21 и 99/22) и Предлогот за вработување на кандидати по Јавниот оглас бр.326/2026 доставен од Агенцијата за администрација, в.д директорот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат за вработување на административен службеник по објавен јавен оглас бр.326/2026

1. Врз основа на објавениот јавен оглас за пополнување на работни места на административни службеници по пат на вработување на неопределено време бр.326/2026, објавен од страна на Агенцијата за администрација по барање на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп и во дневните весници “Нова Македонија“, “Вечер“ и “Лајм“,

- За извршител на работното место **Помлад референт – ликвидатор, Одделение за материјално – финансиски работење, Сектор за материјално финансиски работи и сметководство**, со шифра **ЗДР0102Г04007** се избира кандидатот **ИВАНА ЃОРЃИЕСКА.**

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

По барање на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.326/2026 на својата интернет страница и во дневните весници “Нова Македонија“, “Вечер“ и “Лајм“.

Со решение за формирање комисија за селекција за вработување на јавен оглас на Агенцијата за администрација бр.10-1249/5/3 од 22.05.2026 година формирана е комисја која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција Записник бр.10-1249/6 од 05.06.2026 година, спроведе испит за административен службеник по записник бр.10-1249/8 од 24.06.2026 година, како и проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник Записник бр.10-1249/9 од 02.07.2026 година

До ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп е доставена конечна ранг листа од сите фази на слекција и предлог на кандидати за вработување бр.10-1249/10 од 03.07.2026 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници (сл.весник на РМ бр.27/4, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/2028 и сл.весник на РСМ

бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022) а врз основа на Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр.326/2026 со бр.1249/10 од 03.07.2026 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против одлуката за избор незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ЈЗУ Општа болница**
**со проширена дејност - Прилеп**
**в.д директор**
**Д-р Спец. Кире Јоноски**